Приватна високообразовна установа самостојна високастручна школа
**БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ**

Приватна високообразовна установа самостојна високастручна школа
**БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ**
**ISSN 2955-1919**

# Б И Л Т Е Н бр.10

Приватна високообразовна установа самостојна високастручна школа
**БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ**

Скопје, 29 Јули 2025 година

**Издавач:**
**Приватна високообразовна установа самостојна високастручна школа**
**БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ**

**Главен и одговорен уредник:**
**М-р Александар Клашниновски**

**Печати:**
**Приватна високообразовна установа самостојна високастручна школа**
**БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ**

**Тираж: 7 примероци**

# Содржина

**Стр. 3 Реферат за избор на наставник во наставно-научна област компјутерски науки 1.02.00.01 и информациски науки 1.02.00.02 на самостојната висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ 1.02.00.01 И ИНФОРМАЦИСКИ НАУКИ 1.02.00.02 НА САМОСТОЈНАТА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА**
**БРЕИНСТЕР НЕКСТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Наставничкиот Совет на Самостојната висока стручна школа Бреинстер Некст, објавен во весникот Слободен печат од 05.07.2025 година, за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од наставно-научното подрачје Природно математички науки (1), наставното поле Компјутерски и информациски науки (1.02), наставно-научната област Компјутерски науки (1.02.00.01) и информациски науки (1.02.00.02), и врз основа на Одлуката на Наставничкиот совет бр. 08-528/1 донесена на 21.07.2025, формирана е Рецензентска комисија во состав:

- м-р Ивица Пешовски, предавач, претседател.
- м-р Даниел Трпевски, предавач, член.
- м-р Благоја Чавкоски, предавач, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од наставно-научното подрачје Природно математички науки (1), наставното поле Компјутерски и информациски науки (1.02), наставно-научната област Компјутерски науки (1.02.00.01) и информациски науки (1.02.00.02), во предвидениот рок се пријави м-р Бојан Костадинов.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатот м-р Бојан Костадинов е роден на 21.07.1987, во Скопје. Основно образование завршил во ОУ "Војдан Чернодрински" во Скопје, додека средно образование завршил во СУГС "Георги Димитров" во Скопје, со одличен успех и како ученик на генерацијата. Со високо образование се стекнал на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ), при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на студиската програма Информатика и Компјутерско Инженерство (ИКИ). Дипломирал во 2011 година со соодветно признание за постигнат успех 9,29.

Во учебната 2011 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ), насока Интелигентни информациони системи, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Студиите ги завршил во 2014 година со одбрана на магистерскиот труд

“Интелигентна поддршка за студенти кои изучуваат програмски јазик преку систем за е-учење”, и со просечен успех 10,00 се стекнал со титулата Магистер по електротехника и информациски технологии.

М-р Бојан Костадинов активно се служи со македонскиот, англискиот и германскиот јазик. Кандидатот има освоено голем број на признанија, награди и медали на регионални, државни и меѓународни натпревари по информатика и математика, меѓу кои златни медали на македонски олимпијади, прво место на државни натпревари, освоени награди на меѓународни натпревари како Електријада и IEEEXtreme, итн. Добитник е на престижната награда "13 ноември", доделена од градот Скопје, како знак на благодарност за посебен придонес за развојот на Градот и за неговиот севкупен напредок и афирмација во Република Македонија и во светот.

Во периодот од 2008 до 2014 година, м-р Бојан Костадинов работи на различни проекти како софтверски инженер, пред се како фриленсер, понатаму како учесник на научни проекти (како проектот “Развој на современи студентски сервиси со користење на новите технологии” на УКИМ), и како ангажиран софтверски инженер во новата SMART и Nokia истражувачка лабораторија на ФИНКИ. Еден од проектите е и изработената апликација која освои награда во категоријата “Избор на наставниците” на меѓународниот настан Microsoft Partners in Learning Global Forum 2012.

Почнувајќи од 2014 година, м-р Бојан Костадинов е основач и главен инженер за развој на софтвер во Клауд Солушнс ДООЕЛ. Како дел од оваа компанија, тој има работено на повеќе проекти за голем број клиенти од Македонија, Европа и САД, вклучувајќи ги и Кнауф, Clevertech, Cherrydeck, Chessable, FOX, IWC, Exodus и други. Некои од апликациите имаат и преку милион активни корисници. Лично, кандидатот е и главен инженер за развој на веб сервисите на Интернационалната Олимпијада по Информатика, едно од најпрестижните натпревари по информатика на кое секоја година учествуваат преку 90 земји од светот.

Во соработка со Здружението на информатичарите на Македонија, го предводел развојот на неколку софтверски решенија, меѓу кои и системите МЕНДО и ДАБАР, кои се користат од илјадници корисници во државата и пошироко. Бил дел од организацискиот одбор или техничкиот комитет на голем број регионални и државни натпревари по информатика, како и на неколку (Јуниорски) Балкански Олимпијади по информатика, а автор е и на повеќе задачи за истите.

Кандидатот има публикувано поголем број на научни трудови поврзани со едукација и системи за е-учење. Бил ментор на неколку кампови за подготовка на ученици за меѓународни натпревари по информатика, придонесол кон повеќе проекти со отворен изворен код, а бил ментор и на меѓународни проекти како “Learn IT, Girl!”.

## 2. Наставна и високостручна работа, педагошки и други остварувања на кандидатот

### Наставно-образовна дејност

Во изминатите години, кандидатот има земено учество во изработка на неколку софтвери за е-учење, бил демонстратор, учествувал во изработката на повеќе материјали за учење и задачи по информатика, а учествувал и на повеќе кампови за подготовка на ученици од нашата држава за учество на меѓународни натпревари по информатика.

Поконкретно, кандидатот бил демонстратор по предметите "Структурно програмирање" на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ), како и по "Напредно програмирање" на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Автор е на системите МЕНДО (за изучување на информатика и спроведување на државни и меѓународни натпревари по информатика, и кој има преку 20.000 корисници) и ДАБАР (кој се користи за спроведување на масовниот настан Дабар со илјадници корисници, и кој е наменет за ученици од основните и средните училишта со цел промовирање на информатиката и сродните науки).

Кандидатот учествувал во изработката на повеќе материјали за учење и скрипти од областа на програмирање, алгоритми и структури на податоци, понатаму на голем број на задачи за вежбање (кои се користат за учење или подготовка на ученици), како и на голем број на задачи кои се користеле на електронски, регионални, државни и меѓународни натпревари.

Кандидатот бил ментор на поголем број на кампови за подготовка на ученици за балкански и интернационални натпревари по информатика, каде учествувал во подготовка на материјали за учење, предавања, задачи и решенија. Понатаму, истиот бил дел и од меѓународни проекти за менторирање, како "Learn IT, Girl!".

### Научноистражувачка дејност

М-р Бојан Костадинов има објавено бројни стручни трудови, меѓу кои и следните 10, од кои голем дел од нив поврзани со едукација и е-учење:

[1] Kostadinov, B., Jovanov, M. and Stankov, E., 2010, September. A new design of a system for contest management and grading in informatics competitions. In ICT Innovations Conference 2010, Web Proceedings (pp. 87-96).

[2] Jovanov, M., Kostadinov, B., Stankov, E., Mihova, M. and Gusev, M., 2013. State Competitions in Informatics and the Supporting Online Learning and Contest Management System with Collaboration and Personalization Features MENDO. Olympiads in Informatics, 7.
[3] Popovski, V., Kostadinov, B., Stojanov, R., Mishkovski, I. and Trajanov, D., 2013. Web-Based Disaster and Crisis Management System. 10th Conference for Informatics and Information Technology - CIIT 2013.
[4] Kostadinov, B., Jovanov, M., Stankov, E., Mihova, M. and Risteska Stojkoska, B., 2015. Different Approaches for Making the Initial Selection of Talented Students in Programming Competitions. Olympiads in Informatics, 9.
[5] Stankov, E., Jovanov, M., Kostadinov, B. and Bogdanova, A.M., 2015, March. A new model for collaborative learning of programming using source code similarity detection. In 2015 IEEE Global Engineering Education Conference (EDUCON) (pp. 709-715). IEEE.
[6] Kostadinov, B., Jovanov, M. and Stankov, E., 2017, July. Cost-effective website failover through a CDN network and asynchronous replication. In IEEE EUROCON 2017-17th International Conference on Smart Technologies (pp. 151-156). IEEE.
[7] Kostadinov, B., Jovanov, M. and Stankov, E., 2018. Platform for analysing and encouraging student activity on contest and e-learning systems. Olympiads in Informatics, 12, pp.85-98.
[8] Jovanov, M., Mihova, M., Kostadinov, B. and Stankov, E., 2018. New approach for comparison of countries' achievements in science olympiads. Olympiads in Informatics, 12, pp.53-68.
[9] Kostadinov, B., Stojmenovska I., 2022. Creating a distributed, privacy-aware e-learning system based on item response theory. 19th International Conference on Informatics and Information Technologies, CIIT 2022.
[10] Kostadinov, B. and Stojmenovska, I., 2022. Common approaches to developing extensible e-learning systems. Vilnius University.

Покрај ова, кандидатот има учествувано и на други конференции и семинари.

## **<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Кандидатот м-р Бојан Костадинов има богато искуство како инженер за развој на софтвер. Основач е на компанијата Клауд Солушнс ДООЕЛ, каде работи и како главен инженер. Истата имала соработка со повеќе компании од земјата и светот. Како дел од овие проекти, кандидатот има искуство и како водач на тим, како и при работа со голем број технологии, меѓу кои: Node.js, React, React Native, PostgreSQL, Kubernetes, Amazon Web Services, Java, Spring, PHP, WordPress, и други. Истиот поседува повеќе сертификати од областа.

Покрај соработката со ЗИМ при реализацијата на натпревари по информатика, создавање на системите МЕНДО и ДАБАР, кандидатот има

придонесувано и кон повеќе проекти со отворен изворен код, вклучувајќи и повеќегодишно учество на Hacktoberfest.

Покрај создавање на системот за реализација на настанот, м-р Бојан Костадинов бил и главен организатор од Македонија за меѓународниот проект Дабар во периодот од 2015 до 2021 година, и член на Интернационалниот Комитет на натпреварот (IBC). Во тој период, околу 20,000+ ученици од Македонија (годишно) учествуваа на Дабар. Системот сеуште е во употреба и се користи и денес.

Во однос на неговото пошироко поле од интерес, а кое е сепак поврзано со едукација, кандидатот бил и дел од научниот проект "Развој на современи студентски сервиси со користење на новите технологии" на УКИМ. Слично, кај компаниите со кои има соработка, кандидатот м-р Бојан Костадинов овозможува тренинг и поддршка за новите колеги и тимови, како и помош при тестирање и вработување на нови лица.

## Оценка од самоевалуација

Кандидатот м-р Бојан Костадинов има добиено позитивни оценки при анализа на изработениот софтвер кој сеуште се користи при реализацијата на кампови и натпревари по информатика, како и за задачите кои ги има изработено за подготовка на ученици или за реализација на натпревари. Дел од овие задачи се избрани од меѓународни стручни и технички комитети за користење и на Јуниорски Балканијади по информатика.

Кандидатот добива и позитивен осврт од страна на стручен академски кадар од различни универзитети за научно пишување на трудови и презентирање на истите на конференции и работилници.

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Бојан Костадинов.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Бојан Костадинов поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование, ги исполнува сите услови да биде избран во наставно звање предавач по група предмети од наставно-научното подрачје Природно математички науки (1), наставното поле Компјутерски и информациски науки (1.02), наставно-научната област Компјутерски науки (1.02.00.01) и информациски науки (1.02.00.02).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му

предложи на Наставничкиот совет на Самостојната висока стручна школа Бреинстер Некст во Скопје, м-р Бојан Костадинов да биде избран во наставното звање предавач по група предмети од наставно-научното подрачје Природно математички науки (1), наставното поле Компјутерски и информациски науки (1.02), наставно-научната област Компјутерски науки (1.02.00.01) и информациски науки (1.02.00.02).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. м-р Ивица Пешовски, предавач, претседател с.р
2. м-р Даниел Трпевски, предавач, член, с.р
3. м-р Благоја Чавкоски, предавач, член, с.р